# Коментар на неконсолидирани и неревидирани Биланс на успех и Биланс на состојба на Комерцијална банка АД Скопје за периодот 01.01 - 30.06.2020 година

## 1. Биланс на успех

Во периодот од 01.01-30.06.2020 година Банката од своето работење оствари ***позитивен финансиски резултат*** во износ од 743,3 милиони денари наспроти остварениот ***позитивен финансиски резултат*** во истиот период минатата година во износ од 675,1 милиони денари што претставува зголемување за 10,1%. Планираната бруто-добивка за првото полугодие од годинава е остварена со 75,8%.

Зголемувањето на бруто-добивката е остварено во услови на позначителен пораст на дополнителната исправка на вредноста на финансиските средства заради влошување на квалитетот на корпоративното кредитно портфолио. Остварената добивка пред исправка на вредноста, е за 70,3% поголема во однос на истиот период минатата година. Значителното зголемување на добивката пред исправка на вредноста главно произлегува од зголемувањето на останатите приходи, односно приходите од капитална добивка од продажба на преземен имот по основ на ненаплатени побарувања од клиентите Прототип ДООЕЛ Скопје и Технометал Вардар АД Скопје. Пораст бележат и нето-приходите од камата, пред сè од секторите домаќинства и држава, како резултат на зголемена кредитна изложеност. Позитивниот резултат од работењето, Банката го оствари во услови на прогласена вонредна состојба во Државата поради пандемијата со ковид-19, при што е извесно дека и во следниот период здравствената и економската криза ќе се пролонгира и остануваат присутни ризиците поврзани со истата. Во периодот по прогласувањето на вонредната состојба, заклучно со 30.06.2020 година, Банката во целост го прилагоди своето работење со донесените препораки и уредби од Владата, како и со измените на регулативата поврзана со управувањето со кредитниот ризик и останатите одлуки донесени од страна на Народната банка кои беа креирани пред се’ за да ги заштитат клиентите на банките кои се директно погодени од кризата.

**Вкупните приходи од работењето** изнесуваат 2.747,4 милиони денари и бележат зголемување од 43% во однос на истиот период од минатата година.

**Нето-приходите од камата** бележат зголемување од 3,2% во однос на истиот период од минатата година како резултат на зголемувањето на приходите од камата остварени од секторите домаќинства и држава. Ова е реализирано во услови на континуиран тренд на намалување на активните каматни стапки, при намалена понуда и каматни стапки на благајничките записи, како една од мерките поврзани со здравствената криза. Планот за анализираниот период е остварен со 99,9%.

**Нето приходите од провизии и надоместоци** на 30.06.2020 година во однос на истиот период од минатата година бележат намалување од 11,5%. Ова намалување се остварува под влијание на неколку фактори: намалена економска активност на клиентите во услови на криза, укинати надоместоци за електронско и мобилно банкарство како една од мерките за олеснување на негативните ефекти за клиентите во текот на вонредната состојба и зголемени провизии кои Банката ги плаќа кон надворешни добавувачи на услуги. Планот за анализираниот период е остварен со 85,8%.

**Нето приходите од курсни разлики** на 30.06.2020 година изнесуваат 80,7 милиони денари и бележат зголемување од 38,5%. Планот за анализираниот период е остварен со 136,8%.

**Останатите приходи од работењето на Банката** на 30.06.2020 година изнесуваат 1.042,8 милион денари и бележат повеќекратно зголемување главно како резултат на зголемување на приходите од капитална добивка по основ на продажба на преземен имот, како и поголем износ на наплатени претходно отпишани побарувања. Планот за извештајниот период е трикратно надминат.

**Оперативните расходи** за периодот 01.01-30.06.2020 година изнесуваат 866,7 милиони денари и во однос на истиот период од минатата година се зголемени за 6,1% како резултат на зголемени премии за осигурување на депозитите, трошоци за амортизација и зголемени спонзорства и донации. Во услови на пандемија Банката направи повеќекратни улати за помош на здравствениот систем во услови на криза. Планот е остварен со 105%.

Во периодот од 01.01-30.06.2020 година Банката прокниижи 938 илјади денари **исправка на вредност на нефинансиски средства**, односно 20% од нето вредноста на преземениот имот согласно регулативата на НБРСМ.

Во извештајниот период Банката оствари **исправка на вредност на финансиските средства и посебна резерва за вонбилансни изложености на нето основа** во износ од 1.136,5 милиони денари наспроти 425,1 милиони денари во истиот период минатата година по основ на влошување на состојбата на корпоративното кредитно портфолио.

## 2. Биланс на состојба

**Вкупната актива** на Банката на 30.06.2020 година достигна износ од 125.774,6 милиони денари и во однос на декември 2019 година бележи зголемување од 2,2%. Зголемувањето на вкупната актива во најголем дел произлегува од порастот на кредитите дадени на комитенти и вложувањата во хартии од вредност. Планот е остварен со 100,3%.

**Паричните средства и паричните еквиваленти** бележат намалување од 6,1% како резултат на намалувањето на денарските парични средства. Планот е остварен со 90,1%.

**Средствата за тргување** во износ од 205,2 милиони денари бележат пораст од 4,1% како резултат на зголемени вложувања на Банката во сопственички хартии од вредност класифицирани за тргување, издадени од домашни издавачи. Планот е остварен со 175,7%.

**Финансиски средства по објективна вредност преку билансот на успех определени како такви при почетното признавање** во износ од 341,6 милиони денари се состојат од вложувања во удели во инвестициски фондови.

**Кредитите на и побарувањата од банки** бележат намалување од 78,9% главно поради доспевање на орочените депозити во странска валута од 3 месеци до една година и нивно преорочување на пократки рокови. Покрај тоа, намалувањето во помал дел е резултат на продолжување со активностите за реструктурирање на активата во странска валута започнато во минатата година, со цел да се обезбедат поголеми приноси преку пласирање средства во должнички хартии од вредност. Планот е исполнет со 21,3%.

**Кредитите на и побарувањата од други комитенти** бележат зголемување од 9,6% како резултат на зголемено кредитирање на секторите домаќинства, нефинансиски друштва и држава. Притоа, растот на кредитите дадени на домаќинствата бележи забавен тренд, додека кредитите на нефинансиските друштва растат побрзо како резултат на поволните кредитни производи во согласност со ковид-мерките. Банката во овој период заедно со уште пет банки учествуваше во кредитирање на Министерството за финансии за потребите на буџетско финансирање поради што кредитирањето на секторот држава бележи значителен пораст. Планот е остварен со 107.3%.

**Вложувањата во хартии од вредност** се зголемени за 32,7% главно како резултат на поголем износ на запишани од доспеани државни записи во денари и купени Македонски Еврообврзници. Планот е остварен со 133,2%.

**Преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања** се намалени за 23,7% и истите претставуваат минимална позиција во билансот на Банката.

**Вкупните депозити (депозити на комитенти и депозити на банки)** достигнаа износ од 110.907,8 милиони денари и бележат зголемување од 3%. Планот е остварен со 101,2%.

**Обврските по кредити** достигнаа износ од 666,5 милиони денари и се намалени во однос на декември 2019 година како резултат на отплатени доспеани рати од кредитните линии. Планот е остварен со 92,7%.

**Акционерскиот капитал и резервите на Банката** со состојба 30.06.2020 година достигнаа износ од 12.730,4 милиони денари и бележат намалување поради помалиот износ на тековна добивка во однос на нераспоредената добивка остварена за 2019 година. Во извештајниот период Банката го зголеми резервниот фонд за 6,9% по основ на распределба на нето-добивката за 2019 година, со што ја зајакна капиталната база и обезбеди целосно исполнување на регулаторните барања.

## 3. Очекувања за претстојниот период

Светската пандемија со ковид-19 се очекува да има силни економски последици врз глобалната економија, а следствено на тоа и врз Македонската економија која е од отворен тип. Согласно објавените податоци и показатели за остварувањата во реалниот сектор, негативните ефекти веќе се видливи, додека последиците врз финансискиот систем ќе се почувствуваат со одредено временско задоцнување.

Банката ги следи економските трендови во националната, регионалната и глобалната економија со цел да се здобие со информации корисни за процесот на одлучување.

Макроекономските услови во кои Банката ќе ја остварува својата активност во 2020 година се очекува значително да се разликуваат во однос на првичните проекции на раст на домашната економија предвидени со финансискиот план за 2020 година. Согласно објавените проекции од Народната банка, се очекува БДП во 2020 година да забележи пад од -3,5%.

Банката ќе ги презема сите неопходни активности за прилагодување кон новонастанатите состојби, соодветно корегирање на финансиските проекции за 2020 година при што ќе биде фокусирана пред се’ на одржување на квалитетот на портфолиото и изнаоѓање флексибилни решенија на барањата на клиентите кои ќе бидат најзасегнати од здравствената и економската криза.

## 4. Известување за промени во сметководствените политики и методи на вреднување.

Во текот на првото полугодие од 2020 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување.

## 5. Исплатени дивиденди

Согласно Одлуката за употреба и распоредување на нераспределената добивка до 31.12.2019 година и Одлуката за утврдување датуми при исплата на дивидендата за 2019 година, Банката на 29.04.2020 година изврши исплата на дивидендата за 2019 година на акционерите иматели на обични акции кои се евидентирани во книгата на акции на 23.04.2020 година. Од вкупно пресметаната дивиденда за 2019 година во износ од 1.253.486.850,00 денари, исплатена е дивиденда на правни лица во износ од 720.755.200,00 денари и на физички лица во износ од 532.731.650,00 денари. Износот на дивиденда по една акција е 550,00 денари, односно 55,0% во однос на номиналната вредност на акцијата.

**6. Вложувања или продажба на материјални средства (недвижности, постројки и опрема) или значителен отпис (поголем од 30% од вредноста на средството споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи)**

Недвижностите и опремата со состојба на 30.06.2020 година бележат намалување од 0,3% во однос на декември 2019 година, како резултат на пресметана амортизација.

**7. Промени во кредитните задолжувања (намалувања или зголемување поголеми од 30%)**

Со состојба на 30.06.2020 година обврските по кредити бележат намалување од 20,4% во однос на декември 2019 година, главно како резултат на повисокиот износ на редовна отплата на обврските по кредити во однос на износот на новите повлекувања по договорите за кредит.

Скопје, 29.07.2020 година.